**20140381088**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1060/1
19 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

Член 1

Во Законот за вработување и работа на странци ("Службен весник на Република Македонија" број 70/2007, 5/2009, 35/10, 148/11, 84/12 и 148/13), во членот 9 став (1) бројот “45“ се заменува со зборовите: “пет работни дена“.

Член 2

Во членот 13 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

“(5) Преместувањето на странци кои веќе имаат засновано работен однос кај правен субјект во Република Македонија од еден правен субјект во друг правен субјект, нема да се поврзува со пазарот на трудот.

(6) Дозволите за вработување на странците од ставот (5) на овој член се издаваат без исполнување на условите од ставот (3) на овој член. Издадената работна дозвола на странецот од ставот (5) на овој член ќе биде укината, а новата работна дозвола ќе биде со рок на важност до истекот на важноста на претходно издадената работна дозвола, притоа странецот мора да достави докази дека за него се подмирени сите давачки заклучно со последниот пресметковен месец кај работодавачот кај кој бил работно ангажиран.“

Ставовите (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12) и (13) стануваат ставови (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) и (15).

Член 3

Во членот 14 став (5) по запирката зборовите: “освен во случаите утврдени со овој законот“ се заменуваат со зборовите: “доколку барањето се поднесе пред истекот на важноста на дозволата за работа и странецот ги исполнува условите од членот 4 од овој закон, издадената дозвола за работа ќе биде укината, а новата дозвола за вработување, односно лична работна дозвола ќе биде со рок на важност на претходно издадената дозвола за работа“.

Член 4

Во членот 19 став (3) по зборовите: “пет години“ се става запирка и се додаваат зборовите: “со исклучок на лицата од членот 20 став (2) од овој закон“.

Член 5

Во ГЛАВАТА X пред членот 29 насловот “Услуги кои се поврзани со набавка на стока и постпродажни услуги“ се менува и гласи: “КРАТКОТРАЈНИ УСЛУГИ КОИ СЕ ДАВААТ ОД СТРАНЦИ“.

Член 6

Во членот 29 став (1) точка 4 бројот “30“ се заменува со бројот “60“.

Ставот (2) се менува и гласи:

“Лицето кое е одговорно за регистрација на почетокот на работата на странецот, треба да биде локален клиент за кого странскиот работодавач и неговите работници или странецот како физичко лице даваат услуги.“

Член 7

Во членот 31 став (1) по зборовите: “здравје на населението“ се става запирка и се додаваат зборовите: “или при вонредна дијагностика, односно инспекција на воздухоплови“.

Член 8

Во членот 32 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Доколку одговорното лице не го регистрира почетокот на работата на странецот во рок од пет дена по регулирање на престојот во државата врз основ на издадената дозвола за вработување, Агенцијата за вработување странецот кој се има стекнато со матичен број за странец по службена должност ќе го пријави во системите на задолжително здравствено и пензиско осигурување на бруто плата пријавена во договорот за вработување пред Агенцијата за вработување.“

Ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8).

Член 9

Во членот 38 став (3) во воведната реченица по зборот “собира“ се става запирка и се додава зборот “разменува“.

Точката 1 се менува и гласи:

“1) Министерството за внатрешни работи во однос на престојот во Република Македонија и Министерството за надворешни работи кое е одговорно за визите кои се издадени за работа на странци во Република Македонија;“.

Член 10

По членот 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

“Член 38-а

Агенцијата за вработување доставува месечни извештаи до Државниот инспекторат за труд за лица и компании на кои им е издадена работна дозвола, а истите во законски предвидениот рок го немаат пријавено почетокот на работата или ја немаат вратено издадената работна дозвола.“

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.